# Танци со коски

**ПРЕВОД: ВЕРА ЧОРНИЈ-МЕШКОВА**

Андриј Семјанкив

САКАМ КНИГИ

„Секогаш имате избор. Запрашајте се дали вреди за тоа што ќе го добиете.“

Навидум едноставна приказна за еден несреќен патологанатом. Северин не го ценат на работа и малку го плаќаат; во личниот живот му се случува нешто неразбирливо, а самодовербата му е на нула. Наоѓајќи се практично на дното, ја прифаќа можноста да заработи. Предлогот не е сосем легален и тешко може да се очекува нешто добро од пазарот на трансплантација на органи, но толку е привлечна помислата конечно да си го обезбеди животот. На крајот на краиштата, Северин треба да зема некаква ситница од веќе починати луѓе на кои и онака веќе не им треба. Засега од починати луѓе, засега ситница.

Чекор по чекор, одлука по одлука, Северин постепено се менува - од пренебрегнат човек кој наоѓа спас во алкохолот, за првпат му расте самодовербата, а по неа и непринципиелноста.

Откако ќе изврши едно злосторство, многу полесно го прави второто, третото... Тоа што до вчера го смета за недопустливо, станува негова нова норма. Дали е способен да престане и колку далеку може да оди?

# ПОГЛАВЈЕ 1

Само што се слушнаа чекори во ходникот, Северин скокна од зад масата за да се најде колку што е можно поблиску до исечениот труп. Несмасно го закачи шишето и тоа, за среќа не разбивајќи се, тресна на подот. Немаше време да ги стави ракавиците - чекорите наближуваа; затоа, со два голи прста, го фати темноцрвениот крај на расечената утроба.

Масловскиј се здрви на прагот со вечно незадоволство на лицето.

- Доник, што е со твојот телефо... - Молкна кога го виде празното шишенце од алкохол и ги симна очилата. Како и секогаш, тоа не навестуваше ништо добро. Лицето на началникот на Медицинската служба се облеа со крв, но овој пат се совлада.

- Кај главниот. Веднаш.

Северин се доближи до лавабото избегнувајќи да му погледне во очи на гостинот. Млаката вода се пенеше од сапунот и Северин со сета сила ги триеше прстите нервирајќи се поради сопствената ситуација, поради доаѓањето на началникот надуен како јарец и поради својата ништожност.

Целиот пат до управната зграда го поминаа молчејќи. Во преминот којзнае по кој пат го менуваа подот (*Ракавици, за свои пари*, опцу во мислите Северин) и мораа дел од патот да го истрчаат по улицата, каде што многу „умесно" попаднаа во мешавина од дожд и мокар снег, што упорно истураше од оловното небо.

Масловскиј влезе во кабинетот оставајќи го Северин во чекалницата сам со насмеаната секретарка.

„Дали таа одвратна насмевка некогаш ѝ се симнува од лицето?“ - уште повеќе се изнервира Доник. Пред малото огледало тој си го замазни мокриот мантил и го залижа реткото перче. Од вратата се подаде началникот на Медицинската служба:

- Да одиме. - По куса пауза, додаде: - И не трескај што не треба.

Во тој кабинет на Северин му се случуваше да стои повеќепати, затоа сè му беше познато. И фикусот; и советските прозорци во метални рамки; и самиот шеф - мешлест сениор на нивната реонска болница. Со крајот на окото Северин забележа нов елемент во ентериерот - слаб дедо стиснат во зелена водоотпорна јакна, кој во рацете туткаше плетена капа. Главниот покажа со раката на столчето и откако почека сите да седнат, ги состави дланките на стомакот.

- Еве го - покажа кон него со раката - Северин Романович, раководител на Одделот за патолошка анатомија.

Неговиот поглед се префрли на ракописната страница што злокобно лежеше на масата.

- Северине Романович, има жалба против вас. Го помните Шапошников?

Северин се смурти. Сè поврзано со работата во последните денови (поточно, недели) му се криеше во некаква магла. Шапошников, Шапошников... Ах, па, да! Некроза на панкреас, разлеан перитонитис. Главниот, откако виде во неговите очи блесок на разбирање, продолжи:

- Овој е неговиот татко. Валериј Захарович, повторете го тоа што ми го раскажавте.

Старецот поцврсто ја стисна капата и намуртено прозборе. Почна тивко, но додека зборуваше - се занесе во своите зборови и на крајот дури се тресеше од револт. Првите фрази му беа доволни на Северин за да сфати за што се работи. Момчето умре среде ноќ. Изутрина стариот дојде да го подигне телото и слушна дека трупот со документите ќе му го издадат дури откако ќе ги плати погребните услуги во „Амфора“. Старецот се почеша по главата и отиде да собира пари. Вообичаена ситуација.

Само што ситуацијата не се разви вообичаено. Дали старецот навистина немаше пари или се сетил дека е ветеран?... Како и да е, следниот ден дојде да прави скандали. Доби одговор дека може самиот да го земе трупот без облека од ладилникот и да го одвезе дома со такси, ако не сака да направи сѐ цивилизирано. Требаше да му се покаже вратата. Наместо тоа, тој замина да поднесе жалби - прво до градските здравствени органи, а потоа до главниот. Кога се врати во болницата, телефоните веќе не прекинуваа да ѕвонат, а во администрацијата им гореа ушите.

„Гриша, куче!“ - само што не му се испушти на Северин. Небаре не сфаќа со кого и како треба да зборува, иако не е дете. Ја претера. Уште и таков неодговорен тапчо, ништо не му кажал нему, на Северин. Одлучил сам, значи, муцка една.

- Доник - главниот свесно му ги испушти презимето и татковото име - поминува веќе трето денонокие. Што си мислите вие?

Дедото, долевајќи масло на огнот, извади од џебот некакво уверение и почна да мавта со него, како поп со крстот пред нечиста сила. На Северин му преостана само збунето да ги наведне очите и да промрмори: „Ќе разјасниме, ќе исправиме“. Потоа главниот го увери Шапошников Постариот дека сѐ ќе се среди колку што е можно побрзо, а сите трошоци ќе ги надомести болницата, по што изрази најискрено сочувство. Дедото ја навлече спортската капа и излезе во придружба на секретарката, злобно светкајќи со погледот на збогување. Само што се затвори вратата, главниот го нападна Доник.

- Романович, по ѓаволите! Што е тоа? Што правите вие таму во вашиот подрум, полудевте ли?

Северин ги рашири рацете и невино ги ококори очите:

- Па, првпат го гледам. Можеби Гриша зборувал со него.

- Гриша, Маша, Саша! - главниот налутено се насмеа. - Ти си раководителот? Дали јас треба да му објаснам на твојот Гриша? Не знаеш да излезеш на крај со одделот -

пиши молба и оди по ѓаволите! Овој циркус не ми е потребен!

Одделот... Северин плукна во мислите. Одделот негов и на асистентот Гриша.

Главниот малку се созеде и прозбори помирно, внимавајќи на секој збор:

- Телото денес да биде подготвено. За погребните услуги ќе платиш од свој џеб... - откако го виде протестот во очите на патологот, удри со дланката врз маса. - Самиот или со Гриша по половина, или од Гриша ќе земеш - сеедно ми е! Понатаму: со „Амфора“ повеќе да немаш никаква работа.

И оваа пара ќе ја земе, итрецот. Расположението на Северин го проби дното и летна во бездна.

- Ако уште еднаш слушнам за твоите непристојни шпекулации или, не дај боже, да има нова жалба - ќе леташ како куршум оттука, по некој член од законот, со запишување во работничката книшка. Јасно ли е сè?

На Доник не му преостана ништо друго освен да кимне со главата.

- Слободен си.

Северин излезе од кабинетот не чувствувајќи ги нозете, како да лебдеше. Во слепоочниците му бучеше крвта. Масловскиј му довикна во ходникот:

- Северине, биди човек - првин сè направи, а потоа опивај се.

По серијата удари со чекан, шлаканицата речиси и не ја почувствува.

Ги заврши работите порано отколку што планираше. Како што излезе, телото беше подготвено и чекаше само да се слушне колку ќе чини. Преку подрумското прозорче Северин набљудуваше како сандакот со момчето го товарат во погребна кола. По него влезе згрбавениот старец со спортската капа. По изгледот, имаше помалку од седумдесет години. Ветеран на која војна ли е? Речиси и не му остана лутина за стариот, но ситуацијата беше крајно одвратна. Ако со дедото зборуваше тој, а не Гриша...

исто така би го пратил во агенцијата за погребни услуги. На тој план Северин немаше морални бариери. По својата природа, парите треба да се вртат, нема луѓе кои имаат помалку потреба од нив од другите. Преку „Амфора“ поминуваше сета клиентела; ете, само просекторот немаше чувство кој може да се притисне, а пред кого е подобро да се повлечеш.

Северин сакаше да се договори со сопственичката на „Амфора“, но ја немаше во канцеларијата. Го зеде мобилниот, избра број и се премисли. Тоа не е за телефонски разговор. Наместо тоа, му се јави на Гриша, за да ја истури лутината врз него. Претплатникот не беше достапен. Просекторот си зел слободни денови до понеделник и, секако, го исклучил телефонот.

Во ниту едно шкафче или фиока не најде пијачка. Па, јасно, тој веќе не е хирург. Часовникот покажува четири, рано е за дома. Остана варијантата да се напие кафе.

Неподносливиот ден траеше: најде кутија кафе лавацa, но ни трошка шеќер. Северин мразеше горчливо кафе. Можеше, како и обично, да тркне до киоскот; но откако го плати испраќањето на ВИП-клиентот, не му останаа пари ни за метро.

Да отиде по шеќер во лабораторијата? Се плесна по бедрото и се јави во Хирургија по внатрешниот телефон:

- Овде Паталошка анатомија. Дали раководителот е тука со вас? Толја, здраво. Слободен ли си? Дојди на кафе. Аха. Слушај, земи шеќер, ми заврши, а надвор е влажно. Те чекам.

Ги испружи рацете на масата и се загледа во ѕидот со бледосини плочки. Некогашниот раководител на царството на мртвите, според шаблон, напишал над вратата со црвено „Vita brevis, ars longa“[1]. За трајноста на својот „vita“ Северин можеше само да си претпостави, но точно знаеше дека е „miserabilis“[2]. Сите пари оставени настрана за подарокот на Људа, буквално отидоа в земја. Не дека немањето пари беше изненадување за Доник (попрво

1 Лат. Животот е краток, уметноста е вечна (заб. на авт.).
2 Лат. Кутар, мизерен (заб. на авт.).

беше веќе норма на животот), но на таков ден сакаше да влезе дома човечки: барем со цвеќиња и шише. Едното семејство, поради сиромаштија, веќе го упропасти.

„Добро што ми стигна барем за погребните услуги“ - си помисли и веднаш се опцу за уште една своја слабост. Требаше да одбие и да го прати главниот директно пред Масловскиј. Но тоа значеше моментално заминување „на слободен леб“. Таму, зад ѕидовите на реонската болница, него никој не го чекаше. Секако, имаше дополнителна заработка кај приватниците, но со денешниве цени - тоа беше ситнеж. А сега, по сè изгледа, отпадна и „Амфора“.

Да се бара нешто ново? Стаж и квалификација имаше, но хронично немаше среќа. Сите негови колеги од студиите си најдоа безбедни места и тивко жнееја банкноти. И не дека тие симнуваа ѕвезди од небото, туку едноставно таквите безбедни места не беа достапни за сите. На времето тој со ноќи седеше на медицинските форуми барајќи излез од тешката парична ситуација. Публиката таму се делеше во две групи: првите цимолеа дека се потценети од општеството, другите како мантра повторуваа: „Добриот лекар гладен нема да остане“. Се создаваше впечаток не на дијалог туку на искажување на своето мислење во празнина. Северин дури и се претплати на месечникот „Ескулап“, каде што имаше постојана рубрика финансиско-правни консултации. За жал, сите совети се сведуваа на едно: сакаш да заработуваш повеќе - отвори приватна практика. Се разбира, никој не објаснуваше каде да земат почетен капитал сиромашните што се претплатуваа на ова списание (а успешните не земаа в раце таква бадијала потрошена хартија). Уште посмешен изгледаше некој стартап имајќи ја предвид специјалноста на Доник. Тогаш се сети дека во своето маало, покрај куќичката за прием на стаклена амбалажа, виде канцеларија со табла: „Приватна анатомија ‘Три дапчиња’. До нас водат сите патишта на микрореонот“.

Од апсурдноста на сопствените мисли, Северин се насевна. Иако пологично беше да заплаче.

Од размислувањето го тргна веселиот глас на раководителот на Хирургија:

- Здраво-живо, Романич!

Се ракуваа. Северин го стави чајникот кришум погледнувајќи во Толја Жупан - својата тотална спротивност. Тој беше едноставен и толку праволиниски што и неговата надворешност се чинеше природно продолжување на тие црти. Русокос, малку дамкосан и секогаш позитивно расположен. Па и зошто да тагува: нема ни четириесет, скоро исто годиште се, а веќе има свој оддел. Пациентите може да си ги бира самиот, а се разбира, не најсиромашните. Како и секој човек кај кој љубовта кон професијата се изедначуваше со финансиската награда, Толја без здив се вареше во неговата Хирургија и пред себе гледаше само нови можности. Ете и сега, додека отстојуваше италијанскиот талог, тој дури со апетит раскажуваше за непроодноста на цревото што ноќеска со тимот го „отсекле“.

- ...таква глупост. Накратко, ќе живее. Исто така, ти посакувам, Сево, да не го видиш тоа чудо - и самиот лесно се насмеа од сопствената недоделкана шега.

Потоа дојде ред на Северин да раскаже за неговиот ден и тонот на разговорот веднаш се смени. Патологанатомот се изназбори, по што си поседоа молкум. Толја не умееше да сочувствува со туѓата несреќа, не поради студената душа туку само поради тоа што самиот ретко тагуваше.

Доник го srкаше горчливото кафе. Се разбира, Жупан го заборави шеќерот и Северин дури и не мислеше да го потсети на тоа. На крајот на краиштата, хирургот го викна за сосем друга цел.

- Што се случува таму со нашето истражување? Според мене, оваа седмица нема ниту еден примерок.

Толја малку збунето рече:

- Па... ти кажав - не сакаат да ја потпишат согласноста.

- А во што е проблемот? Се работи за неколку грама кои ти и така ќе ги исечеш.

- Народот е бојазлив. На интернет се начитаа секакви глупости.

Северин пак отпи од невкусното кафе.

На клиничките истражувања заработуваа многумина. Додуша, за тоа вообичаено беше потребен пристап до живите пациенти, со што кај патологанатомот се појавија природни проблеми. На крајот, го побара една фирмичка. Продаваа биолошки примероци на американските компании за биоистражувања. За сè имаше побарувачка: воспалените ткива, абортивниот материјал, туморите. На прашањето: „Зошто им се на Американците токму украинските биолошки примероци?“ - објасни дека на Американците им е сеедно, би одговарале и швајцарските. Фирмата сакаше ткива од европеиди, а од сите бели луѓе, источноевропските народи чинеа најевтино. Првин соработката изгледаше едноставно и идеално: на пациентите никаква штета - недостатокот и така ќе го исечат и ќе го фрлат, никаква одвишна работа за Доник - тој секако мораше да ја прави хистологијата на извадените ткива - и плус пари за сите заинтересирани страни.

Но се појави несовладлива пречка. Нека се колку сакаш евтини украинските пациенти, според законот, треба да потпишат согласност за предавање на своите ткива на трета страна. Тоа скоро никој не сакаше да го прави. Се плашеа дека ќе им украдат бубрег или дури и црн дроб. Лесни, а главно - чесни пари, му се лизгаа на Северин од пред самиот нос.

- Народот е секогаш непросветен. Можеш ли да притиснеш? Ти им ги правиш отпусните листи и боледувањата!

Жупан снисходливо ги искриви усните.

- Сево, сè можам. Но ќе се слушнат разни муабети, разбираш ли? Колку ни даваат на двајцата за еден пациент - дваесет долари? Тоа не се такви пари за да...

„Па, како прво, десет долари за мене воопшто не се ситница. А како второ, ти имаш десет, а јас - триесет“ - си помисли Северин, но рече сосем друго:

- Добро. А што ако јас самиот ставам потписи на согласностите? Во принцип, тие и не треба да знаат за тоа.

Иако беше едноставен, Толја воопшто не беше глупав.

- Северине - со полно име го нарекуваше вообичаено само во присуство на странци - ако откријат, ќе биде

страшно. Јас на такво нешто не се потпишувам. А ти самиот... малку ли е приказната со „Амфора“?

Чувствувајќи опасна напнатост, Доник побрза да го смени текот на разговорот:

- Имаш право, секако. Треснав од очај. Самиот знаеш како стојам со парите.

Лицето на Толја омекна. Тој дури и се збуни, па извади од џебот куп двестотки. Почна да брои, а потоа замавна со раката и ги стави сите на масата.

- Ќе вратиш кога ќе можеш.

Доник револтирано одби, а во главата му помина: „Толку многу носи во џебот од мантилот, ги даде не бројќи...“

Толја упорно му ги подаваше парите.

- Земи.

Северин знаеше дека ќе ги земе, иако се инаетеше уште некое време. Не знаеше само зошто на душата му е толку гнасно: од самата милостина или од тоа што неволно ја испроси.

# ПОГЛАВЈЕ 2

Чекореше пред излогот на „Сваровски“ веќе половина час сè уште не осмелувајќи се да влезе. Не можеше да го трпи лицемерното добронамерно внимание на продавачките кои кришно го ѕиркаа, дали пренебрегнувачки дали разочарано. Добро знаеше дека нема, благо речено, топ-изглед. Изборот во животот секогаш беше мака за Северин. Но да се одбере за некого подарок, тоа беше најлошото. Уште повеќе ако тој некој е жена. Уште повеќе ако не си рамнодушен дали ќе ѝ се допадне подарокот.

По сите душевни грижи што му ја печеа совеста, останаа две реални варијанти: приврзок или обетки. Првата беше поскапа и му се допаѓаше повеќе. Меѓутоа, ако ги купи обетките, ќе има можност да заштеди малку пари.

Девојката на касата го погледна малку сомничаво: виде дека долго време гледаше од зад стаклото. Па кога Северин решително го покажа моделот на обетките и ги извади парите - весело се насмевна и кимна.

- За ќерката ги купувате?

Доник се збуни и едвај протепка: „Јас... имам син“. За миг, стана свесен за двозначноста на зборовите. Молкум ѝ ги изброја банкнотите и чекаше да го спакуваат накитот. А продавачката, откако не ја почувствува пријателската подготвеност кај клиентот, не се обиде да го продолжи разговорот.

Малку прошета по трговскиот центар чудејќи се на толпата луѓе која, се чинеше, со задоволство би купила сè - само да има доволно пари. Кога би постоел идеален купувач, тој би станал антипод на Северин. За патологанатомот секое купување беше непријатно. Самото постоење на доволна количина банкноти во паричникот веќе му

даваше чувство на комфор, без желба да ги претвори во материјални работи. По впечатоци исто така не трчаше, зашто тоа значеше додатни трошоци. Со еден збор, Доник ги сакаше парите пламено, немоќно и ирационално, а сепак, никогаш ги немаше доволно. Откако се загледа во едно мартини, на крај, купи некаков вермут. Продавницата за цвеќе го изненади со тоа што лалињата беа поскапи од розите. Доник долго мислеше: ова е сезонска појава или секогаш е така? Не можеше да се сети кога последен пат купил цвеќе. А за тоа време нозете веќе го носеа далеку од трговскиот центар: се сети дека во соседниот двор зад нивната зграда има киоск со цвеќиња кој работи дваесет и четири часа.

Денот му излегуваше контрапродуктивен. Природата добро си ја сработила работата: под нозете му лепеше и шлапкаше. Прстите на нозете му се вкочанија - чевлите му пропуштија ледена вода. Темната улица, во која само ретко гореа фенерите, се протегаше напред во бескрајна линија, како река окована од бреговите на деветокатниците. Доник го сакаше Виноградар, но само на мапата. Откако ги проживеа последните години на Печерск, можеше искрено да каже дека центарот не е помала дупка од другите делови. Треба само да се ѕирне по дворовите: истите клупи на кои седат сомнителни персони, неискастрени дрвја и искршени шишиња. Но барем остануваше можноста неколку минути да излезеш во цивилизацијата, каде што елитните облакодери се надвиснуваат над булеварите. Да спиеш во вреќа за спиење, да трчаш дома или да леташ на работа.

За чудо, минувачите беа ретки, ветрот му се вовлекуваше во јаката, го онеспокојуваше. По сите закони на веројатноста, продавничето за цвеќе беше затворено, и тоа не прв ден. Ѕидовите беа исчкртани, фирмата беше искршена. Северин се сврте и, откако ги виде светлата на трговскиот реонски центар на маратонска оддалеченост, тивко офна. Безнадежно одмавна со раката и брзо го пресече дворот стапнувајќи во најдлабоката од баричките. Ги извади клучевите.

Кога влегуваше во лифтот, домофонот го придружи со тажно пискање.

Шушкање на чекори. Штракна бравата и станот го пушти во прегратките на Људмила, откако му го облеа лицето со жежок мирис на котлети. Северин се нурна во нејзиниот минивал бакнувајќи ја во вратот под увото. Прошепоти:

- Честит роденден.

Људа го прегрна со мекиот дел под рамото, тргајќи ги нечистите прсти за да не го извалка. Нејзините раце секој месец стануваа сѐ помеки, паралелно со зголемувањето на обемот на фризурата. По бакнежот, Људа побрза назад во кујната.

- Мачорче, соблечи се, влези, зашто овде сѐ гори... - нејзините зборови потонаа во чрчорењето на зовриеното масло.

Северин почувствува лесна раздразнетост. Јасно е дека таа го чекаше; јасно е дека брзаше да ја постави масата; но едноставно, сакаше да ѝ го врачи подарокот на прагот. Посакуваше барем некоја ситна свеченост, нешто такво.

Ги собу чевлите и отиде во бањата оставајќи на килимот траги од мокри чорапи. Како и изутрина, миејќи ги рацете, Северин си се лутеше себеси, но сега поради тоа што ѝ се лутеше на Људа. Додека се пресоблекуваше во тренерки, во кујната сѐ стивна. Погледна од вратата: поставена маса, нашминкана жена, дебела црвена свеќа. Беше неумесно да оди повторно да се пресоблекува.

Северин го стави шишето на масата, седна до славеничката и ѝ го подаде темносиното кутиче. Људа шеговито ги напрчи усните.

Таквите гримаси сѐ почесто го раздразнуваа.

Упорно насмевнувајќи се, Људа ја отвори поклопката. Искрички заиграа на шлифуваните рабови. Одбиениот пламен на свеќата, со мали јазичиња, заигра на нејзиното широко лице. Со таа замрзната насмевка, таа молкум гледаше во подарокот стивнувајќи ги биењата на срцето, а потоа ги крена очите.

- Каква убавина! Дојдиваму.

Северин се подаде за да ја бакне, со сета своја машка внатрешност чувствувајќи дека сто проценти не го погоди накитот.

На Људиното лице не се забележа никаква алузија, но Северин веќе знаеше: не ѝ се допадна. По ѓаволите, требаше да го земе приврзокот!

Таа стана разгледувајќи ги обетките.

- О, тука има англиска копча...

- Што не е во ред со англиската копча? - Доник се присили да звучи рамнодушно.

- Не, сè е прекрасно, многу практично! Порано таквите ме жулеа. Но овие нема - побрза да додаде. - Ќе одам да ги ставам во кутичето. Ова е најубавиот подарок, благодарам.

Останувајќи сам, Северин издиша и наполни две чаши со вермут.

Подоцна, откако се напија и каснаа, седеа еден спроти друг и гледаа во треперењето на пламенот од свеќата. Не ѝ раскажа за збрките на работа. Људа не знаеше за неговите странични заработки и веќе беше навикната на скромниот придонес на Северин во заедничкиот буџет. Кога следниот месец ќе ја донесе само платата - тогаш таа навистина ќе се зачуди.

Доник се обидуваше помалку да зборува и повеќе да слуша. Људа успеала да се сретне и да поседи со нејзините некогашни соученици. Сега сите се дедовци и тетки, сите разговораат само за децата. Трипати повтори колку станале досадни.

„Не се тоа што сме ние со тебе" - си помисли. Се доближи до неа и им даде малку слобода на рацете. Не од што многу му се сакаше, туку моментот го бараше тоа.

Се преместија во собата. Отоманот молкна откако почкрипи, испотените прозорци светеа од фаровите на ретките автомобили.

Го испушташе чадот од цигарата на балконот гледајќи во сложувалката на темните прозорци, кога очигледна - и

поради тоа пострашна - мисла му влета во главата. Ако избереше приврзок, ефектот ќе беше ист. Зад сите раскажувања за соучениците се криеше само едно: Људа чекаше прстен.

Северин стана во шест и пол, иако беше викенд. Имаше за тоа неколку причини. Двапати месечно, во саботите, подработуваше кај „приватниците“. Таму можеше да се стигне во десет, па имаше план пред тоа да скокне до „Амфора“, да ја реши итната работа. Но најглавно - сакаше да се разбуди порано од Људа. По новата мисла да зборува со неа, му беше незгодно. Каква и да беше, Људа имаше исклучителна интуиција. Сега Сева се плашеше: таа ќе разбере дека тој сфатил оти таа цврсто решила да се омажи за него.

Се премисли да појадува: изутрина, како и секогаш, имаше мачнина. Во бањата застана странично пред огледалото, си го протресе стомакот. Веќе беше крај излезната врата кога се премисли, се собу, втрча во кујната и го испи преостанатиот вермут. Вистински се разбуди кога веќе се спушташе во метрото. Утринските часови често му поминуваа автоматски: еве, и сега никако не можеше да се сети дали ја заклучи влезната врата. Секако дека ја заклучи! Можеби. Наметнатата несигурност го принуди за миг да застане на перонот. Во мислите си удри шлаканица откако се сети дека, прво, станот сеедно не е негова сопственост, а второ, најценетото што го имаше таму - зарем не ќе беше заспаната Људа.

Му олесни.

- Внимание, вратата се затвора! Следната станица... - возот рамнодушно го повезе Северин по темните црева на градот.

* * *

На работа ѕирна во ладилникот: не беа додадени нови жители во текот на ноќта. Испуши две цигари со истата горчлива лаваца, погледна во часовникот и преку

дворот премина во соседната врата - во „Амфора“. Света Јаблоцка, како и секоја сабота, седеше во нејзиниот кабинет израмнувајќи ја „активата со пасивата“. Во ќошето, од радиото младост тивко се слушаа песни кои Сева ги мразеше уште во младоста. Чукна на вратата откако веќе беше внатре.

- Зафатена си?

Јаблоцка ја крена главата и насмевнувајќи се само со усните, се потпре на наслонот од фотелјата.

- Здраво, Сев. Кафе?

- Веќе пиев - рече тој.

Седна на едниот од двата стола не знаејќи од каде да почне.

Света не мислеше да му ја олесни задачата. Нејзините усни се раширија и поткренувајќи се, уште толку ја стеснија насмевката. Лицето ѝ доби малку расеан изглед. Според категориите во кои се навикна да мисли Доник, сопственичката на „Амфора“ спаѓаше во бизнис-леди - сепак, номинално. Зашто во неа немаше ниту трошка сличност со безгрижните сопственички на солариумите и салоните за убавина. Напротив, во најдобрите традиции на претприемништвото на новата генерација, Јаблоцка во сопствената работа беше од чевлар до уметник на посмртната шминка. Работеше заедно со потчинетите затворајќи ги сите дупки во тековните ритуални работи, не се срамеше да смени кого било во случај на премореност и воопшто точно го знаеше целиот процес на нејзиното невесело производство. Благодарејќи на тоа, бирото за погребни услуги „Амфора“ (како што со брановидни букви информираше таблата), иако мало, никогаш не беше без работа. Света ја држеше работата во свои раце контролирајќи ја секоја ситница. Токму затоа ги седеше саботите тука, правејќи ги билансите во сметководството за седмицата.

Нејзиниот кабинет изгледаше едноставно, само скапиот саат со кукавица, во висина на човек, го расипуваше опкружувањето - изгледаше дури премногу скржаво. Од друга страна, мора ли погребното биро да има барем еден демонски елемент во ентериерот?

Молчењето се одолжи. Одеднаш, Доник рече со јасен глас:

- Јас, всушност, сакав да позборуваме за вчерашниот вонреден случај.

- Знам, ми се јави вашиот шеф - рече Света.

Ете! Без Сева - Сева го оженија.

- И?

- Тој нема никакви претензии кон мене.

Доник по малку почнуваше да врие. Кучка една, таа многу добро знае за што се обидува тој да разговара, но упорно се прави наивна.

Се осмели.

- Па, добро. Тогаш работиме по старо. Но ќе треба да се шифрираме.

- Не ќе треба, мил Сева. Ние со тебе повеќе не работиме - рече Света, толку обично и едноставно што тој, не сакајќи, ги рашири очите.

- Каква е оваа детска игра? Или мислиш дека има малку погребни бироа во реонот? Можам на роднините да им советувам кое било.

- Главниот самиот ќе ги упатува кај мене - рече спокојно Света. - Тој е сега новиот рекламен менаџер кај мене.

Доник се фати за наслонот на столот.

- Ти... што?

- Јас ништо - рече Света и слабо насмевнувајќи се, изрецитира: - „Тие се караат, а таа работи“.

Го остави пенкалото и одлучно му погледна во очи:

- Сева, ти си, како што велат, добар човек и сето тоа, но местово го земам под закуп од него, не од тебе. Во вашите работи не сакам да навлегувам, зашто и така имам со што да се занимавам.

Повторно молк. Северин разбра дека разговорот е завршен, но и понатаму бараше правилни зборови. Света ја доближи кон себе главната сметководна книга.

- Па, намини.

# ПОГЛАВЈЕ 3

Низ стаклото виде дека надвор се раздува: минувачите одеднаш притрчуваа придржувајќи ги подигнатите јаки и навлекувајќи ги качулките. Внатре беше потопло, но не премногу. Искинатата хармоника меѓу двата дела на автобусот пукаше и се цедеше со наталожена нечистотија од кровот. Омразата кон времето, кон опкружувањето и воопшто кон животот ги обединуваше смрзнатите патници. Сева одамна се увери: луѓето во утринскиот градски превоз избегнуваат да си гледаат во очи не поради природна непријатност, туку поради тоа што не сакаат да го видат одразот на сопствената мизерност.

Пристигнаа на мостот и погледот на оловната речна вода му го надополни расположението. На крај, пристигнувајќи до потребната станица, тој радосно се откина од атмосферата на автобуската предодреденост и влезе под сводот на густите висококатници. „Свети Пантелејмон“ имаше горда титула на клиника, но со тоа можеше да ги восхити само простаците или оние на кои им ги замачкуваше очите ценовникот на услуги, повисок од просечниот. Сопственикот не правеше разлика меѓу медицински кабинет и клиника - долгонога девојка на рецепцијата, сад со тврди бонбони за една копејка и евтин кинески плазма-телевизор на ѕидот.

Сева почна да подработува тука уште пред пет години. Сопругата („некогашната сопруга“ - се исправи во мислите) никако не можеше да разбере зошто би бил потребен во дерматолошкиот кабинет. И, како што покажа животот, поголемиот дел од луѓето воопшто не помислуваа дека патологанатомот („патоморфолог“ повеќе му се допаѓаше) има некаква врска со живите. Пациентите